Врз орснова на чл 76 од Законот  за здруженија на граѓани и фондации (Сл.весник на РМ 31/98) собранието на Здружението на граѓани ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА **ФОРУМ** Скопје на годишнотот собрание одржано на ден 1.12.1998 год го донесе следниот:

# *СТАТУТ*
# *НА*
# *ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА*
# *ФОРУМ*
# *СКОПЈЕ*

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ
## ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

чл. 1

Назив на здружението е: ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА **ФОРУМ** – СКОПЈЕ
Скратен назив на здружението е **ЦЕСИД ФОРУМ** Скопје

чл. 2

Седиште на здружението е во Скопје на ул. ФЕРИД БАЈРАМ бр.39 СКОПЈЕ
Здружението ќе делува на територија на Град Скопје

чл. 3

Здружението има својство на правно лице, со сите права и обврски според Устав, Закон и овој Статут.

чл. 4

Симболот на здружението е квадрат во кој е втисната големата буква Ф така да во средината на буквата има круг.

чл. 5

Здружението има свој печат во кружна форма со дијаметар согласно законот, со следниот текст: ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ФОРУМ – СКОПЈЕ; во средината на печатот се наоѓа симболот на здружението.
Текстот е испишан на македонски јазик со кирилично писмо.

чл. 6

Штембилот на здружението е со димензии согласно законот и истиот содржи:
- текст: ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ФОРУМ – СКОПЈЕ
- пред текстот се наоѓа симболот на здружението
- простор за број, датум и место.

НАЧЕЛА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

чл. 7

Здружението своето работење го заснива на следните начела:

1. законитост на актите
2. јавност и непосредност
3. зборност при одлучување и сменливост
4. рационалност при извршување на административните работи

чл 8

Здружението е единствено, неполитичко, непрофитно, независно и самостојно здружение на граѓани.
Работата на здружението е јавна.

чл. 9

Јавноста при работата ќе се остварува преку публикување на повремените печатени материјали и известувања преку средствата за јавно информирање , како за членовите така и за сите интересенти за работата на здружението.
Не е дозволено политичко организирање во здружението.
Основен извор на правата за работа на Здружението се: Статутот и други акти донесени врз основа на него., Законите и Уставот на Р. Македонија.
Здружението самостојно ги уредува внатрешните односи, како и односите на внатрешен и меѓународен план под услов и начин утврден со Закон.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО:

чл. 10

- работа и развивање на проекти и активности во областа на науката, уметноста, културата, информатиката, образованието, менаџментот, консалтингот, социјално-хуманитарните односи, правото, спортот и случно со цел обезбедување на научни сознанија кои ќе можат да добијат практична примена во сферите за кои се истражуваат.

Здружението своите цели ги реализира преку:

- организирање на советувања, семинари, конференции и сл.
- публикување на повремени печатени материјали:
- соработки и советувања во конкретни поединечни случаеви и ситуации по барање на физички и правни лица, членови на Здружението, надворешни соработници, донатори и други интересенти;
- меѓународна соработка во сите горенаведени основи, а согласно позитивните законски норми.
- развивање на сопствена база на податоци и интерактивни системи и нивно интерактивно користење.
- за постигање на своите цели, здружението својата работа може да ја координира со работата на сродни организации, институции и физички лица во нашата држава и странство.

## 2. ПРВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

чл.11

Член на здружението може да бидат секој граѓанин на Р. Македонија кој доброволно ќе пристапи кон здружението и кој ќе ги прифати целите и задачите на здружението наведени во овој Статут како и методите на остварување на истите, без оглед на неговата расна, национална или верска припадност или политичка определба.
Во здружението можат да членуваат и партиципираат и правни лица регистрирани на територијата на републиката како и физички и правни лица кои не се државјани на РМ под услов и на начин предвиден со закон.
Зачленувањето се врши со пристапница која при исклучување или престанок на членувањето задолжително се враќа.
За прием во членство во здружението одлучува Извршниот одбор на здружението.

чл. 12

Членовите на Здружението имаат права и обврски согласно со одредбите на овој Статут и позитивните законски прописи.
Членовите на здружението активно учествуваат во спроведување и остварување на програмските цели и определби на здружението, а особено:

- да учествуваат во одлучувачки и административни активности на здручението.
- да плаќаат чланарина.
- да ги користат привилегиите кои произлегуиваат од одлуките на здружението
- да бидат бирани и да бираат.

чл. 13

Членството во здружението може да престане со писмена изјава на членот дека истапува од здружението.
Со исклучување ако не се придржува кон одредбите на Статутот и другите акти, а по одлука на Извршниот одбот.
Здружението за своите членови води регистар, кој се ажурира еднаш годишно.

## 3. ИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

чл. 14

Здружението може да стекнува имот на начин и под услови предвидени во овој Статут како и согласно позитивните законски прописи.
Средствата за работа на здружението можат да се обезбедат преку чланарина од членството, донации, подароци, прилози спонзорства и од други активности на здружението.
Здружението може да остварува приходи и од добивката на друштвата со ограничена одговорност и акционерските друштва кои ќе се основаат со средствата на здружението и од други извори.
Здружението може да добива средства од буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локална самоуправа и буџетот на град Скопје, согласно со одредбите на Законот.

чл. 15

Сопственоста на Здружението се состои од движен и недвижен имот, истата е неприкосновена и служи исклучиво за негови потреби, програмски определби и цели.
Извршниот одбот води евиденција за движниот и недвижниот имот на здружението на територијата на Р. Македонија, како и надвор од неа.
Со средствата располага извршниот пдбот и истите ги користи за остварување на целите и задачите на здружението.

чл. 16

Висината на чланарината ја утврдува Извршен одбор со посебна одлука.
Начинот на материјално финансиско работење како и плаќањата ќе се вршат на начин утврден со закон.
Здужението има свој буџет.

чл. 17

Здружението за своите обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот и сите свои средства.
Здружението неможе да врши стопанска дејност, но може да основа друштво со ограничена одговорност и кационерски друштва за остварување на нивните цели, интереси и активности утврдени со статутот.

## 4. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

чл. 18

Здружението има свои органи:

- **Собрание**
- **Извршен одбор**
- **Надзорен одбор**

### а) Собрание

чл. 19

Собранието е колективен орган на здружението составен од членовите на здружението и истото работи на седници на кои претседава претседателот на здружението.
Седниците ги свикува најмалку еднаш годишно Претседателот на здружението по лично наоѓање или иницијатива од Извршниот одбор, Надзорниот одбор или најмалку 1/5 од вкупниот број на членови на здружението.
Ако претседателот на здружението во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницатата ја свикува. извршниот орган или иницијаторите.
За полноважна работа на Собранието потребно присуство на просто мнозинство од членовите, а одлуките се донесуваат со јавно гласање по принципот еден член еден глас, со мнозинство гласови од присутните .

Присуството на Претседателот на Здружението или на лице кое го заменува, на седница на Собранието е задолжително.

чл. 20

Собранието ги има следните права и обврски :

-го донесува Статутот и неговите измени и дополни.
-ја разшедува и усвојува годишнатз пресметка на приходи и расходи ;
-ги именува и разрешува членовите на Извршниот одбор и Надзорниот одбор
-Одлучува за здружување со други здруженија .
-Одлучува за статусни промени на Здружението и за бришење од регистарот на здружекијата на граѓани во Р. Македонија.
- ја усвојува завршната сметка, годишниот извештај и финансиската план ;
-одлучува за престанок на здружението;
-одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението
- Одлучува за други прашања кои по одлука на Извршен одбор ќе бидат поставени пред него;

**б) Извршен одбор**

чл.21

Собранието ги бира членовите на Извршниот одбор.
Извршниот одбор се состои од 3 члена .
Извршниот одбор се избира и именува за период од 4 години со можност повторно да биде биран.
Во Извршниот одбор може да биде избран и именуван секој член на здружението. Председателот на Здружението е член на Извршниот одбор, со него претседава и е овластен потписник на ж- ска на здружението.

чл.22

Извршниот одбор или негов член можат да бидат отповкани - разрешени од функцијата и пред истекот на периодот за кој се именувани по одлука на Собранието и тоа :
1. по свое барање;
2. доколку бидат констатирани недоследноoти во извршувањето на поставените обврски и задачи, непридржувањето кон Одлуките на Собранието и овој Статут .

чл. 23

Извршниот одбор работи на седници.
Одлуката е донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од членовите на одборот.
Член на извршниот орган се иззема од гласање за прашања поврзано со него, со неговиот брачен другар или роднина во втор степен, или се однесуват на некое правно лице врз кое тој има контрола или некој интерес.

чл. 24

Права и обврски на Извршниот одбор се :
1. ГО ИЗБИРА И ИМЕНУВА И РАЗРЕШУВА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО.
2. Го избира, именува и разрешава Генералниот секретар на здружението ;
3.Раководи со дејноста на здружението.

4.Подготвува предлози за работата на. Собранието, ги свикува седниците и ги извршува одлуките и заклучоците на Собранието и ја спроведува политиката на здружението .
5. Раководи и се грижи за целосно тековно работење на здружението;
6,Дава упатства и инструкции за работата на Председателот на Здружението ;
7,Предлага финансиски план и завршна сметка на Здруженмето ;
8,Еднаш годишно поднесува извештај за својата работа пред Собранието ;
9.Одлучува по конкретни барања за прием во членство во здружението, врз основа. на заземени ставови и согледувања за секое барање поединечно, а во интерес на остварување на програмските цели на здружението:
10. Одлучува во прв степен по барања од членовите и по приговори во втор степен, како преиспитување на своја претходно донесена одлука;
11.Ги подготвува и спроведува изборите три месеца пред истекот на мандатот или во рок од три месеца по разрешувањепго на Председателот или на целиот Извршен одбор.
12.Формира комисии и работни тела за извршувањето на работите од својата надлежност.
13.Донесува годишен план и програма за работа;
14.Врши други работи кои со овој Статут не се оставени ео надлежност на Собранието или на Председателот на Здружението ;
15.Може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа
16 Управува и одговара за управувањето на имотот на здружението.

За својата работа Извршниот одбор е одговорен пред Собранието :

**в) Претседател**

чл.25

Председателот го претставува и застапува Здружението пред сите институции и сите нивоа во републиката и надвор од неа и потписник е на материјално финансиското рзботење .
За Председател на заедницата може да биде именуван секој член на здружението кој
Собранието го избрало за член на Извршниот одбор.

Изборот се врши јавно, на седница на Извршниот одбор, по предлог за кој ќе се изјаснат мнозинството од членовите ва Извршниот одбор, за период од 4 години со можност повторно да биде избран;
Предеседателот ги закажува и раководи со седниците на собранието и на извршниот одбор.
Претседателот ја спроведува политиката на здружението и ги спроведува одлуките и заклучоците донесени од Собранието и од Извршниот одбор.
Претседателот на здружението врши и други работи доверени од Собранието и Извршниот одбор.

чл.26

Претседателот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот по негово барање или со одлука на Извршниот одбор поради констарирани недоследности во извршувањето нз поставените задачи или непридржување кон одредбите на овој Статут, како и поради други причини кои го прават недостоен да биде Председател на Здружението;
Разрешување или оставка на Председателот не повлекува разрешување на Извршниот одбор.
За својата работа председателот е одговорен пред Собранието и Извршниот одбор.

чл.27

Во случаите од предходниот член Председателот и Извршниот одбор продолжуваат со работа до именување на нов член во Извршниот одбор , најдолго за рок од 30 дена, сметано од денот на оставката односно разрешувањето, во кој рок треба да свикаат седница на Собранието за избор и именување на нов член во Извршниот одбор. Во случај на непостапување согласно став еден од овој член, најмалку половина од членовите на собранието плус еден, можат да свикаат седница на собранието и да спроведат постапката за избор и именување, согласно одредбите на овој Статут .

**Надзорен одбор:**

чл.28

Надзорниот одбор е колективвн орган составен од три члена со мандат од 4 години со право на реизбор.
Собранието ги избира и разрешува членовите на Надзорниот одбор .
За својата работа надзорниот одбор одговара пред Собранието ;
Надзорниот одбор работи самостално и по налог на Собранието а особено :
-врши надзор над исправноста на изборите во здружението.
-врши увид во материјално-финансиското работење и ревизија на тековното работење.
-врши надзор на исполнувањето на правата и обврските на членовите во однос на статутот и актите на здружението.
Член на надзорниот одбор може да биде разрешен и пред рокот за кој е иманувен под услов и на начин предвиден во одредите на чл 20 од овој Статут, а кои се однесуваат на Извршниот одбор.

**Генерален секретар:**

чл.29

Генералниот секретар ги извршува задачите поставенм од Извршниот одбор , ее грижи за животот и работата на здружението , зз спроведување ка конкретни работи и активности, согласно конкретните одлуки и задолженија утврлеки од Извршниот одбор.

Конкретните активности работи и работни задачи на генералниот секретар.можат да бидат предвидени со посебен Договор за работа .

## ПРОГРАМСКИ СОВЕТ

чл 30

Здружението може да формира програмски совет од еминентни научно -културни работници и екеперти по одредени проблематики .
Во Програмскиот совет можат да партиципираат и учествуваат и не членови на здружението со обврска да ги почитуваат принципите, начелат и целите на здружението .
Програмскиот совет се конституира и оостанува по потреба, по наоѓање, покана и предлог од Извршниот одбор .
Програмскиот совет дава предлози и мислења во врска со конкретни прашања и проблеми од предложената тематска област.
Член на програмски совет може да биде ангажиран да партиципира во советувања , семинари и проекти, вршење на рецензии .
Членувањето во Советот е доброволно и волонтерско.

чл 31

Здружението се бави со издавање на повремени печатени публикации меѓу кои и повремена печатена публикација ФОРУМ АНАЛИТИКА.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

чл.32

Овој Статут може да бидв изменет на начин на кој е и донесен, по инкцијатива на Председателот на Здружението, Извршниот одбор или пак по предлог од најмалку еден повеќе од половината од вкупниот број на членови на Собранието. Иницијативата , одсносно предлогот треба да содржат аргументирано образложение. Еднаш неприфатена иницијатива односно предлог неможе повторно да се истакне пред истекот на шест месеци од денот на одбивањето на предлогот.

чл. 33

Предлог Статутот како и предлогот за негови измени и дополненија се става на јавна расправа. најуалку 7 дена пред седницата на Собранието на која ќе бидат разгледувани; Истите се усвојуваат согласночл.18 ставЗод овојСтатут;.

чл. 34

Сите акти на Здружението гласаат да бидат во согласност со овој Статут.

чл.35

Статутот влегува во сила веднаш со денот на неговото донесување

чл 36

За престанок нз здружението одлучува Собранието со двотретинско мнозинство на гласови ако :

-бројот на членовите на здружението се намали под бројот потребен за основање;
-ако уставниот суд на Р. Македонија дека програмата и статутот на здружението не се во согласност со Уставот .
-ако се утврди дека здружението престанало со работа ;
-во други случаеви предвидени со Закон.

Во случај на престанок на здружението Претседателот е должен да го извести основниот Суд во рок од 15 дена по донесената одлука за престанок ,

чл.37

По престанокот на здружението, намирувањето на обврските и бришењето од регистарот на Здруженија на граѓани имотот на здружението ќе припадне на Домот за деца без родители во Скопје .

Здружение на граѓани

ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ

ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

ФОРУМ

Скопје

Претсдател

Ѓунер Исмаил